

# 2025

Асоцијација за е-трговија
на Северна Македонија

Јануари 2026

ecommerce.mk

# Годишен извештај
## од работата на АЕТМ

E-COMMERCE
Macedonian Association

# СОДРЖИНА ↘

Зголемување и унапредување на понудата | Зајакнување на дигитални вештини | Поврзување и нетворкинг | Соработка со институции | Прекугранична е-трговија | Намалување на сива економија


3 Предговор

4 Приоритети за 2025 година

5 Постигнати резултати во 2025 година

6 Краток преглед на активности, соработки и иницијативи во 2025

15 Детален преглед на активностите на АЕТМ реализирани во 2025

16 Известувавме за е-трговијата во Македонија во тек на целата година

17 Соработка со премиум членови на АЕТМ

18 Втора година по ред претседававме со Балканската алијанса за е-трговија

19 Се одржа избор и манифестација за наградување на најдобрите во македонската е-трговија за 2024

20 Годишно собрание на АЕТМ

20 Во соработка со AmCham организиравме Форум за интелектуална сопственост

21 Заедно со Visa поддржавме 20 компании да отворат е-продавници

22 Посета на Balkan E-commerce Summit во Софија, Бугарија

22 Потпишан Меморандум за соработка со Управата за јавни приходи

22 Потпишан Меморандум за соработка со Кинеската комора за е-трговија

23 Пред повеќе од 100 студенти на ФИНКИ одржавме предавање на тема “E-commerce 101”

23 Со 200+ присутни се одржа E-commerce Meetup на тема: „Содржина што продава“

24 Со Visa креиравме кампања за безбедно онлајн купување и бесплатно верификувавме 10 ММСП

27 Бевме партнери на хуманитарната трка IT4Charity

28 Учество на Global Check-In 2025: Конференција за интернационална експанзија во Полска

29 Со над 900 учесници ја организиравме 8. регионална конференција за е-трговија

# СОДРЖИНА ↘

Зголемување и унапредување на понудата | Зајакнување на дигитални вештини | Поврзување и нетворкинг | Соработка со институции | Прекугранична е-трговија | Намалување на сива економија


31 Го објавивме седмиот годишен извештај од анализата на е-трговија за Западен Балкан

32 Организатори на студиска посета на делегација од Молдавија

32 Потпишавме меморандум за соработка со Македонски олимписки комитет

32 Учество на конференцијата Content Positive организирана од А1 Македонија

33 Го организиравме #2 E-badge Day и бесплатно верификувавме 5 е-трговци во соработка со Iute

34 Новогодишен бранч настан со AETM и GEA на тема „Closing the Year, Opening Conversations"

35 Започнаа номинациите за избирање на најдобрите во македонската е-трговија за 2025 година

# ЗБОР ОД ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА ЗА Е-ТРГОВИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Почитувани членови, партнери и поддржувачи,

2025 година беше година на континуитет, раст и стратешко позиционирање на е-трговијата како значаен двигател на дигиталната економија во Македонија. Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (АЕТМ) и оваа година активно работеше на унапредување на деловното окружување, јакнење на капацитетите на компаниите и градење доверба во онлајн купувањето.

Нашите активности беа насочени кон неколку клучни приоритети: поттикнување на отворање и развој на нови е-продавници, унапредување на дигиталните вештини кај компаниите, борба против сивата економија и нелојалната конкуренција, како и поддршка на прекуграничната трговија. Преку проекти, едукативни настани, конференции, партнерства со домашни и меѓународни институции и активно учество во регионални иницијативи, придонесовме кон зајакнување на целиот еко-систем на е-трговијата.

Во текот на годината продолживме со активности за верификација на е-трговци и промоција на добри практики, организиравме настани и конференции кои овозможија размена на знаење и вмрежување, како и објавувавме релевантни податоци и анализи за состојбата на е-трговијата. Посебен фокус беше ставен на иновациите и примената на нови технологии, со цел компаниите да останат конкурентни во сѐ подинамичното дигитално опкружување.

Овој извештај претставува преглед на нашата работа, резултатите што ги постигнавме и вредноста што заеднички ја создадовме. Веруваме дека преку соработка, транспарентност и континуирана едукација можеме да изградиме поразвиен, пофер и поодржлив пазар на е-трговија.

Ви благодариме за довербата и поддршката. Продолжуваме посветено и во наредниот период, со јасна визија за понатамошен развој на дигиталната економија во Македонија.

Нина Ангеловска Станков
Претседателка на АЕТМ

# Гласот на членовите беше основа за нашите приоритети за 2025 година

Во основата на нашето работење е гласот на членовите. На почетокот на 2025 спроведовме анкета за задоволство со цел јасно да ги разбереме реалните потреби, очекувања и приоритети на нашите членови. Добиениот фидбек ни овозможи не само да го измериме нивото на доверба и задоволство од работењето на АЕТМ, туку и да ги дефинираме приоритетите за годината што следи. Врз таа основа, активностите и иницијативите за 2025 година се креирани како директен одговор на изразените потреби на членовите.



## РЕЗУЛТАТИ ОД ЗАДОВОЛСТВОТО НА ЧЛЕНОВИТЕ

**4.81 / 5 оцена**
★★★★½
за задоволството од работата на АЕТСМ како нејзини членки

**4.95 / 5 оцена**
★★★★½
за задоволството од начинот на информираност за активности на АЕТСМ

**4.95 / 5 оцена**
★★★★½
за достапноста на тимот и канцеларијата на АЕТСМ

**Членовите на прашалникот се изјаснија дека им е потребна и сакаат дополнителна нивна промоција и меѓусебна соработка.**

**#1 Ги слушнавме членовите**
Анкета за задоволство од членството спроведена на почетокот на 2025

→

**#2 Ги дефинираме приоритетите**
Врз основа на реалните потреби и очекувања на членовите

→

**#3 Ги креиравме активностите**
Активности усогласени со утврдените приоритети

## КЛУЧНИ ФОКУС ОБЛАСТИ НА АЕТМ ЗА 2025 ГОДИНА

По анализирање на резултатите од анкетата, АЕТМ ги дефинираше следните приоритети кои ја водеа годишната работа:

**#1 Зголемување и унапредување на понудата во е-трговија и пропратните сектори**

**#2 Зајакнување на дигитални вештини**

**#3 Градење на партнерства за раст и развој (поврзување и нетворкинг)**

**#4 Намалување на неформалната економија во е-трговија**

**#5 Продуктивна соработка со институции и јавно-приватен дијалог за намалување на предизвиците**

**#6 Регионална соработка и развој на прекуграничната е-трговија**

Низ извештајот, секоја активност е прикажана како коцка со боја, која ја означува соодветната клучна област на приоритет на АЕТМ на која се однесува.

# ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025

**посветеност** кон унапредување на домашната и регионалната е-трговија

Зголемување и унапредување на понудата | Зајакнување на дигитални вештини | Поврзување и нетворкинг | Соработка со институции | Прекугранична е-трговија | Намалување на сива економија



**140+ членови** со 10.000+ вработени и 26 нови членови во 2025



**3 настани** за вмрежување и едукација со **350+ учесници**



**Бројни кампањи за промоција** на членови и верификувани е-трговци



Активно ја известувавме јавноста за е-трговијата, а медиумите објавија **303 наши содржини**



Влијаевме на зголемување на понудата во е-трговијата со отворање на **20 нови е-продавници** заедно со Visa



Со **84,734 гласови и 12 члена жири комисија** ги избравме најдобрите во македонската е-трговија за 2024 година



Креиравме сеопфатен извештај со најновите податоци за е-трговијата во Западен Балкан **„Western Balkan Ecommerce Insights 2025"**



Со мрежата од **80+ верификувани е-трговци** го олеснуваме препознавањето на доверливи е-продавници



Креиравме кампања за доверба во е-трговија и **бесплатно верификувавме 15 е-продавници** со Visa и Iute



Одржавме бројни дискусии со клучните засегнати страни за **cash on delivery и сива економија во е-трговија**



Креиравме преку **50 newsletters** со редовни информативни статии за е-трговијата



Во Скопје ја организиравме најголемата конференција за е-трговија со **900+ учесници** од Балканот и Европа

Редовно ажурирање на **регистарот за е-трговци** во соработка со петте банки




# КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ, СОРАБОТКИ И ИНИЦИЈАТИВИ ВО 2025

Во следните неколку страници е прикажан краток преглед на активностите и иницијативите на Асоцијацијата во текот на 2025 година.



# Супермоќта е во локалните бизниси: Заедно со Visa и ММСП градиме доверба во онлајн купувањето

во соработка со VISA

Зголемување и унапредување на понудата | Зајакнување на дигитални вештини | Намалување на сива економија

Како и во изминатите 2 години, АЕТМ во 2025 ја продолжи соработката со Visa, со цел зголемување на понудата во е-трговијата и промовирање на безбедно онлајн купување. И оваа година, соработката се реализираше преку поддршка на 20 ММСП за отворање свои е-продавници и зајакнување на нивните дигитални вештини, кампања за безбедно онлајн купување, како и јавен повик за бесплатна верификација на 10 ММСП.



**20 ММСП** отворија нови е-продавници




**10** бесплатни верификации за ММСП




**зголемена доверба** во онлајн купувањето

# E-commerce Awards: Препознавање на најдобрите во македонската е-трговија за 2024 и 2025 година

**Зголемување и унапредување на понудата** **Поврзување и нетворкинг**

E-commerce Awards е годишен избор кој ја препознава и наградува извонредноста во македонската е-трговија, поттикнувајќи раст, иновации и најдобри практики во индустријата. Процесот на номинации и избор е транспарентен и вклучува гласање од јавноста и стручно жири, обезбедувајќи кредибилитет и фер конкуренција. E-commerce Awards не само што ги наградува најуспешните е-продавници, туку и инспирира нови стандарди на квалитет, ја промовира културата на иновација и ја зајакнува заедницата на македонската сцена за е-трговија.









**84,734 гласови од 5,090 гласачи** за најдобрите е-трговци

**2024**

**43 наградени е-трговци** во 23 категории

**2024**

# E-commerce Conference: платформа за поврзување за иднината на е-трговијата

Зголемување и унапредување на понудата | Зајакнување на дигитални вештини | Поврзување и нетворкинг | Прекугранична е-трговија | Намалување на сива економија

ecommerce conference

Во своето 8-мо издание, E-commerce Conference продолжува да се позиционира како една од најрелевантните бизнис конференции во Македонија и регионот, обединувајќи над 900 професионалци, лидери, експерти и компании од е-трговијата и дигиталната економија. Конференцијата се одржа на 4-ти ноември 2025 година под темата „E-commerce: Fasten the Future", нагласувајќи дека напредокот не се движи по однапред зададена патека, туку се гради преку поврзување на технологии, идеи и луѓе.




**Над 900 учесници** од Западен Балкан и Европа




**24 истакнати говорници** од глобални и регионални компании



**4.62 / 5** оцена од учесниците

★★★★½

# E-commerce Meetups & Networking: Вмрежување и едукација за зајакнување на заедницата со 350+ учесници

Зајакнување на дигитални вештини | Поврзување и нетворкинг | Намалување на сива економија

Дел од годишната програма на АЕТМ се и „E-commerce Meetups“ – настани за вмрежување и едукација кои ја зајакнуваат заедницата на е-трговијата. Оваа година, со учество на над 350 лица, настаните беа организирани со поддршка од дел од премиум членовите на Асоцијацијата и беа базирани на потребите на е-продавниците. Учесниците имаа можност да споделат знаење и искуства, да развиваат нови вештини и да се поврзат со претставници и професионалци од различни сектори, создавајќи практична платформа за соработка и раст.



**350+**
учесници



релевантни теми на настани согласно **потребите на е-трговците**



**зајакнување на македонската заедница за е-трговија**

# ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКИ

Соработка со институции | Прекугранична е-трговија | Намалување на сива економија | Поврзување и нетворкинг

Во 2025 година, АЕТМ продолжи да ја зајакнува својата улога како платформа за поврзување на компаниите, институциите и регионалните партнери. Преку нови и продолжени соработки, Асоцијацијата овозможи пристап до глобални пазари, размена на знаење и зајакнување на инклузивноста и дигиталната трансформација во секторот.

Акцентот беше ставен на создавање платформи за соработка и дијалог, како со домашни, така и со меѓународни партнери, со цел развој на одржливи и иновативни решенија.



**3**
потпишани Меморандуми за соработка




**втора година претстедавање**
со Балканската алијанса за е-трговија



**зајакнување на соработка со јавен и приватен сектор**

# ИСТРАЖУВАЊА И ПОДАТОЦИ ЗА Е-ТРГОВИЈАТА

Прекугранична е-трговија | Намалување на сива економија | Зголемување и унапредување на понудата

Во рамки на својата континуирана работа за поддршка и развој на е-трговијата во Македонија, АЕТМ активно подготвува истражувања, аналитички извештаи и статистички прегледи кои ја отсликуваат состојбата и трендовите во македонската и регионалната е-трговија. Публикуваните извештаи се користат како основа за информирање на бизнисите, институциите и јавноста, а дополнително се промовираат преку ТВ гостувања, медиумска покриеност и други канали за подигање на свеста за значењето и потенцијалот на секторот. Со ова, АЕТМ овозможува појасно разбирање на предизвиците и можностите во е-трговијата, поттикнувајќи стратешки одлуки и практични решенија. Дополнително, активностите на асоцијацијата придонесуваат кон едукација на јавноста и зајакнување на довербата во дигиталната економија.




истражување на состојбата на е-трговијата во **6 земји**

**квартално известување** за состојбата на е-трговијата во Македонија

промоција на извештај пред **900+ присутни** на годишната конференција за е-трговија

# МЕДИУМСКО ПРИСУСТВО

**Зголемување и унапредување на понудата** **Намалување на сива економија**

Во текот на 2025 година, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија активно работеше на зајакнување на својот медиумски отпечаток и подигање на јавната свест за е-трговијата.

Со вкупно 303 медиумски објави, бројни телевизиски гостувања и спроведени промотивни активности, се фокусиравме на подигање на свеста за важноста на безбедното онлајн купување, зголемување на довербата во е-трговијата и промоција на нашите членови и нивните услуги.



**303**
медиумски објави

**10**
телевизиски гостувања

**∞**
**подигање на свеста за е-трговијата во земјата и регионот**

# УЧЕСТВО НА НАСТАНИ И КОНФЕРЕНЦИИ ЗА Е-ТРГОВИЈА

Прекугранична е-трговија | Поврзување и нетворкинг

Во текот на 2025 година, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија учествуваше на настани и конференции за е-трговија, како во земјата, така и регионално. Овие активности ѝ овозможија на АЕТМ да ја промовира македонската е-трговија, да ја зајакне соработката со партнери и членки, да разменува искуства и добри практики, и да поттикне едукација и интерес за дигиталниот бизнис меѓу идните генерации.



посета и учество на **настани и студиски посети** од екосистемот на е-трговијата








преку партнерства, АЕТМ овозможи **присуство на своите членови на 6 меѓународни конференции**



**претставување на македонските е-трговци на регионално и меѓународно ниво**








# ДЕТАЛЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА АЕТМ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2025













# Известувавме за е-трговијата во Македонија во тек на целата година

**Зголемување и унапредување на понудата**











Покрај традиционалниот годишен извештај на АЕТМ, асоцијацијата во текот на целата година редовно известува за трендовите во е-трговијата во Македонија, користејќи ги најновите податоци од Народната банка на Република Северна Македонија за безготовински трансакции на виртуелните места на продажба, како и податоците од Државниот завод за статистика. На основа на овие податоци, АЕТМ подготвува ПР соопштенија и организира ТВ гостувања, преку кои претставниците на АЕТМ ги презентираат клучните податоци, трендовите во секторот, предизвиците и можностите за развој. Овие активности придонесуваат кон зголемување на јавната свест за е-трговијата, информирање на пошироката публика и обезбедување практични информации за е-трговците при носење стратешки одлуки. Резултатот од оваа континуирана комуникација е значајно медиумско присуство, со вкупно **303 објави во македонските медиуми.**

Некои од најзначајните извештаи кои беа испратени до медиумите вклучуваат:

1 **АЕТСМ: 709 милиони евра се потрошиле онлајн во 2024 – годишен раст од 9%**. Бројот на вкупните онлајн трансакции изнесува 21.6 милиони, односно е за 11.4% повеќе во однос на 2023 година. Кон анализа

2 **АНАЛИЗА: Каде најмногу купуваат онлајн Македонците во странство, а од каде најмногу се купува од домашните е-трговци? –** Македонците со своите платежни картички во странство потрошиле за онлајн пазарење 284.4 милиони евра во 7.4 милиони трансакции, Кон анализа

3 **АЕТМ: Пораст од 32% на вредноста и 37% на бројот на направените трансакции од Македонци кон странство –** Во Q1 од 2025 година вредноста на вкупните трансакции направени кон од дома и во странство, како и од странски картички изнесува 213.3 милиони евра Кон анализа

4 **АЕТМ: Раст од 34,3% на вредноста на онлајн трансакциите во првите 6 месеци годинава –** во Вредноста на вкупните трансакции направени кон е-продажни места изнесува 456.3 милиони евра, што преставува пораст од 34.3% во однос на истиот период минатата година Кон анализа

# Соработка со премиум членови на AETM

Во 2025 година, АЕТМ ја продолжи соработката со постоечките и отпочна нови партнерства со своите премиум членови – компании кои се пионери во македонската е-трговија. Асоцијацијата брои 8 премиум членови, а со дел од нив беа реализирани E-commerce Industry Talks и изготвени студии на случај кои ја прикажуваат нивната експертиза и влијание врз развојот на секторот за е-трговија. Целта на овие активности е да се споделат практични искуства, да се анализираат успешни стратегии и да се инспирираат останатите компании во индустријата.

## Студија на случај: Ananas.mk – Приказна за брз раст, доверба и нови стандарди во македонската е-трговија

Ananas.mk се истакнува како еден од најбрзо растечките платформи за е-трговија во земјата. За кратко време, платформата изгради доверба кај купувачите и партнерите, воведе нови стандарди во индустријата и ја прошири понудата за илјадници производи и стотици продавачи. Визија базирана на доверба, технологија и стабилни партнерства го претвори Ananas.mk во комплетен екосистем за раст на бизнисите и сигурно, брзо искуство за купувачите.




Кон студија на случај

## Студија на случај: Халкбанк - патот кон дигитализацијата и развојот на е-трговијата во Македонија

Халкбанк е една од водечките банки во поддршката на дигиталната трансформација на е-трговијата во Македонија, со удел од околу 30% на е-трговци во земјата. Со иновации како мобилни POS терминали, Apple Pay, бонус програма со 3% cashback и целосно online отворање на сметки, банката им овозможува на е-трговците полесно да ги прифатат online плаќањата и да ја зголемат довербата кај потрошувачите. 73% од трансакциите во банката се преку дигитални канали, што ја потврдува нејзината улога во стимулирање на дигиталното плаќање во земјата.




Кон студија на случај

# Втора година по ред претседававме со Балканската алијанса за е-трговија

Прекугранична е-трговија










Во 2025 година, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија ја продолжи својата активна и лидерска улога на регионално ниво преку претседавање со Балканската алијанса за е-трговија (BECA) втора година по ред. Преку оваа позиција, Асоцијацијата придонесе кон зајакнување на регионалната соработка, усогласување на ставовите на земјите од Западен Балкан и унапредување на јавните политики поврзани со е-трговијата.

Во текот на годината, под координација на AETM, беше одржан состанок на Управниот одбор на BECA и беа организирани пет национални тркалезни маси со клучни јавни и приватни чинители во регионот. Овие активности резултираа со изработка на заеднички регионален позиционен документ за намалување на плаќањето со готовина при достава (Cash on Delivery), кој претставува значаен чекор кон поттикнување на онлајн плаќањата и развој на е-трговијата во Западен Балкан.

Дополнително, Асоцијацијата активно придонесе кон проширување на членството на BECA со вклучување на Асоцијацијата за е-трговија на Црна Гора, мапирање на релевантни регионални и европски организации за идна соработка, како и иницирање на меѓународна соработка преку меморандум за разбирање со Кинеската комора за електронска трговија. Активностите беа поддржани со континуирана регионална промоција и видливост на работата на BECA.

# Се одржа избор и манифестација за наградување на најдобрите во македонската е-трговија за 2024

Зголемување и унапредување на понудата | Поврзување и нетворкинг




На 12.03,2025 во хотел Мериот Скопје, се одржа свечената церемонија за доделување на македонските Награди за е-трговија 2024 – “E-commerce Awards 2024”, во организација на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија. Овој престижен настан привлече голем број на гости, вклучувајќи членови на АЕТМ, поддржувачи, партнери, жири-комисијата на наградите и најуспешните е-трговци во земјата. Гала вечерта беше исполнета со богата програма, одлична атмосфера и прослава на достигнувањата во македонската е-трговија.

На манифестацијата беа прогласени најдобрите е-трговци за 2024 година, кои се одбираа во 23 категории поделени во три секции:

**1** Најдобри е-трговци во одбрани аспекти на онлајн продавање

**2** Најдобри е-продавници по сектори

**3** Шампиони во е-трговија

Процесот за избор на победниците се состоеше од 5 фази:

1. **Номинирање на е-трговци:** Беа номинирани над 200 компании
2. **Гласање од јавноста:** Во текот на јануари и февруари беа собрани 84,734 гласови од повеќе од 5,090 гласачи.
3. **Формирање на ранг листи:** Финалистите во секоја категорија беа избрани врз основа на гласовите од јавноста.
4. **Оценување од жири комисијата:** Жири комисијата, составена од 12 експерти ги евалуираше финалистите.
5. **Формирање на конечни резултати:** Унапредената методологија предвидуваше 60% тежина за гласовите од јавноста и 40% за гласовите од жири комисијата.

Вкупно беа доделени **43 награди, поделени во 23 категории.** Категоријата „Најпопуларна е-продавница“ беше единствената во која победникот беше избран исклучиво врз основа на гласовите од јавноста, што ја прави оваа награда вистински одраз на довербата и задоволството на онлајн купувачите.

Изборот беше поддржан од:

iute, My Box, УНИ Банка, SAVA Osiguruvanje, Imako Vino, Halkbank, CorvusPay, NLB Banka

Кон победници 2024 | Кон галерија | Кон видео

Април

# Годишно собрание: Го слушаме гласот на е-трговците и креираме активности за раст и развој на е-трговијата

**Поврзување и нетворкинг**



На 2 април 2025, АЕТМ го одржа своето Годишно собрание, обединувајќи членови, партнери и поддржувачи за осврт на постигнатото и претставување на плановите за 2025 година. Претседателката, д-р Нина Ангеловска Станков, ја истакна растечката вредност на е-трговијата во 2024 (9,3% зголемување на онлајн трансакциите) и клучните достигнувања, вклучувајќи регионална конференција со над 740 учесници, поддршка на 80 ММСП за отворање е-продавници и развој на платформата ecommerce4all.eu. Пред собранието беа претставени приоритетите за тековнта година согласно анкетата за Задоволство на членови, вклучувајќи унапредување на понудата, дигиталните вештини, партнерствата, намалување на неформалната економија, јавно-приватен дијалог и регионална соработка. На Собранието беа усвоени годишниот план и програма за 2025 година и извештаите од работењето во 2024 година.

Прочитај повеќе

Април

# Во соработка со AmCham организиравме Форум за интелектуална сопственост

**Намалување на сива економија**

По повод Светскиот ден на интелектуална сопственост, АЕТМ и AmCham организираа Форум на 25 април во едукативниот центар на Halkbank, со цел да ги обединат членките, партнерите и претставници од релевантни институции за дискусија за значењето и заштитата на интелектуалната сопственост. Настанот вклучуваше панел дискусии и тематски работни групи, каде беа разгледани предизвиците поврзани со дигиталната емисија на содржини, сивата економија во е-трговијата и правата на интелектуална сопственост. Работната група модерирана од генералниот секретар на АЕТМ, Виктор Стојкоски, собра претставници од приватниот сектор и државни институции како УЈП, ДПИ, Царинска управа, Агенција за пошти и организацијата REACT за да дискутираат законски измени, меѓуинституционална соработка и едукација на бизнисите и граѓаните. Учесниците исто така се осврнаа на потребата за континуирано подигнување на јавната свест за негативните ефекти од фалсификатите и сивата економија. Настанот ја потврди посветеноста на АЕТМ кон зајакнување на правата од интелектуална сопственост и поддршка на фер е-трговија.





# Заедно со Visa поддржавме 20 компании да отворат е-продавници и да ги зајакнат своите дигитални вештини

Зголемување и унапредување на понудата | Зајакнување на дигитални вештини | Намалување на сива економија




Во 2025, продолживме со иницијативата „Е-трговија: Супермоќ за локалните бизниси", наменета за 20 микро, мали и средни компании да отворат свои е-продавници и да ги зајакнат дигиталните и маркетинг вештини.

Преку јавен повик беа избрани 20 компании од вкупно 91 апликација. Во текот на иницијативата, избраните компании успешно отворија свои е-продавници – 2 преку маркетплејс платформи, а 18 со сопствени веб решенија, што им овозможи да ја зголемат понудата на услуги и производи за онлајн купувачите. Одбраните бизниси добија интензивна поддршка и преку еднодневен семинар, кој ги зајакна нивните вештини за дигитален маркетинг и онлајн продажба, подготвувајќи ги да напредуваат на конкурентниот пазар.

Покрај отворањето на е-продавниците, иницијативата обезбеди широка изложеност и промоција преку социјални медиуми, email newsletters и медиумско покривање, дополнително зголемувајќи ја видливоста на новите е-продавници и разновидноста на понудата на локалниот e-commerce пазар.








## ИНИЦИЈАТИВАТА ПРИДОНЕСЕ ЗА...

1 Зголемена понуда на пазарот на е-трговија во Македонија

2 Промоција и видливост на поддржаните компании пред поширока онлајн публика

3 Зајакнати дигитални и маркетинг вештини на претставниците од 20 ММСП

# Посета на Balkan E-commerce Summit во Софија, Бугарија

За да ја зајакне соработката со регионалните партнери и да остане информирана за најновите трендови во е-трговијата, АЕТМ учествуваше на регионалниот Balkan E-commerce Summit, кој го организираат нашите соработници eCommerce Academy од Бугарија.

АЕТМ овозможи билети за своите членки, при што голем дел од нив присуствуваа на настанот, што ни даде одлична можност да ги освежиме постојните соработки и односи, да размениме искуства и да ги зацврстиме контактите со регионалната заедница за е-трговија,







Април

## Потпишан Меморандум за соработка со Управата за јавни приходи

Во април 2025 година, АЕТМ потпиша меморандум за соработка со Управата за јавни приходи со цел воспоставување на соработка и градење на партнерство со даночните обврзници и фер праведно оданочување врз основа на обостран интерес преку формираниот Совет за даночна усогласеност. Соработката подразбира анализа на проблемите во даночна пракса, размена на информации и обуки, мониторинг на примената на даночните закони, консултации за стратешки иницијативи и даночни реформи - вклучувајќи и е-фактура.

E-COMMERCE
Macedonian Association

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Мај

## Преку соработка со Кинеската комора за е-трговија, АЕТСМ ќе отвора нови можности за македонските компании

Во мај 2025 година, во Гуангжоу, Кина, претседателката на АЕТМ потпиша Меморандум за соработка со Кинеската комора за е-трговија (CECC), со цел унапредување на прекуграничната е-трговија и создавање нови можности за македонските компании. Ова партнерство овозможува размена на знаења, поддршка за извозно-увозни активности, како и организирање на заеднички настани и бизнис средби.

Прочитај повеќе



Мај

# Пред повеќе од 100 студенти на ФИНКИ одржавме предавање на тема “The Why & How: E-commerce 101”



На 6-ти мај, проектната менаџерка и генералниот секретар на АЕТМ беа поканети како гостински предавачи на предметот „Е-трговија“ на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) кај проф. д-р Димитар Трајанов. Настанот привлече повеќе од 100 студенти, кои со својата ентузијастичка енергија го направија предавањето интерактивно и инспиративно. Под темата „The Why & How: E-commerce 101“, тимот на АЕТМ дискутираше со студентите за состојбата на е-трговијата, нејзините можности и потенцијал, како и за основните чекори потребни за започнување бизнис во е-трговија и успешно онлајн продавање. Ова предавање не само што имаше едукативна вредност, туку и ја потврди важноста на соработката со академската заедница во поттикнувањето на идните генерации за активно учество во дигиталната економија.

Мај

# Со 200+ присутни се одржа E-commerce Meetup на тема: „Содржина што продава: тајните на успешните контент креатори“ во соработка со ananas

Зајакнување на дигитални вештини | Поврзување и нетворкинг

На првиот E-commerce Meetup за 2025 година, powered by Ananas.mk, пред повеќе од 200 учесници, говорниците Марија Мешкова, Никола Соколов, Гордан Миленковски и Бранко Огњановски дискутираа за тоа како да се креира содржина што навистина привлекува, инспирира и продава. Панелот им овозможи на присутните да добијат практични совети и директни одговори на своите прашања преку интерактивна Q&A сесија.

Настанот имаше за цел да им помогне на е-трговците да изградат врска со својата публика преку квалитетна содржина и да ја зголемат продажбата. Meetup-от исто така служеше како платформа за вмрежување и размена на искуства помеѓу професионалци од различни сектори. Со позитивната енергија и учеството на сите присутни, настанот ја потврди важноста на ваквите едукативни и интерактивни собири за развој на заедницата на е-трговијата.







# Заедно со Visa креиравме кампања за безбедно онлајн купување и бесплатно верификувавме 10 ММСП

Намалување на сива економија | Зголемување и унапредување на понудата

Како дел од соработката со Visa во 2025, кампањата на АЕТМ и Visa **„Безбедното онлајн купување започнува со тебе“** беше насочена кон зголемување на свесноста кај потрошувачите и е-продавниците за важноста на безбедното онлајн купување и придобивките од регистрираните и верификувани е-продавници.










Во рамки на кампањата беа доделени и 10 бесплатни верификации за Беџ за верификуван е-трговец. На јавниот повик аплицираа **62 микро, мали и средни претпријатија,** повеќе од ланските 49, што покажува растечки интерес за усогласеност и доверба во е-тргвијата. Кампањата се спроведуваше низ повеќе канали, вклучувајќи социјални медиуми, e-mail маркетинг, ПР соопштенија, споделувања во Facebook заедници и ТВ гостувања кои им помогнаа на потрошувачите да ја разберат важноста на проверените е-продавници, како и да се поттикне доверба во е-трговијата.









Август - Октомври

# Заедно со Visa креиравме кампања за безбедно онлајн купување и бесплатно верификувавме 10 ММСП

Намалување на сива економија | Зголемување и унапредување на понудата

















Десетте компании со највисоки поени во процесот на селекција на јавниот повик добија можност за бесплатна проверка и верификација и се здобија со ознаката Беџ за верификуван е-трговец, што потврдува дека ги исполнуваат сите законски регулативи и обезбедуваат сигурно и безбедно искуство за потрошувачите.

По доделувањето на Беџот, овие компании добија дополнителна промоција преку социјалните медиуми на АЕТМ, e-mail newsletter до 10.000+ претплатници и блог постови, што ја зголеми нивната видливост и ја потврди довербата кај онлајн купувачите, истовремено поттикнувајќи и други е-продавници да се приклучат кон процесот на верификација.

Поддржаните е-продавници се:

gifto, bionel, svetlo.mk, TUDORS, DEKRA, Лицевлица, MINISO, HIKE ATTACK, CITY FASHION, Wine Escape

## ИНИЦИЈАТИВАТА ПРИДОНЕСЕ ЗА...

1 Поттикнување доверба во е-трговијата преку промоција на проверени е-продавници

2 Усогласување на 10 ММСП со регулатива за е-трговија и бесплатна верификација

3 Едукација на јавноста за важноста на безбедното онлајн купување и препознавање на сигурни е-продавници

# Со 100+ учесници одржавме E-commerce Meetup на тема „Од 0 до AI: Систем од 7 чекори за AI трансформација во компаниите“ во соработка со HALKBANK

Зајакнување на дигитални вештини | Поврзување и нетворкинг




На вториот E-commerce Meetup за 2025 година, повеќе од 100 учесници научија како да ја претворат вештачката интелигенција во клучен сојузник за својот бизнис. Петар Ниновски, CEO на Brainster, го презентираше практичниот S.P.EC.T.R.U.M систем од 7 чекори за AI трансформација, кој помага компаниите да ја зголемат ефикасноста, да ги намалат трошоците и да создадат нови извори на приходи преку иновативни бизнис модели.

Настанот се одржа со поддршка на премиум членот Halkbank, а учесниците добија практични совети и чекор-по-чекор прирачник за успешна имплементација на AI во организациите.










Септември

## Бевме партнери на хуманитарната трка IT4Charity





Асоцијацијата за е-трговија на Македонија беше партнер на хуманитарната трка IT4Charity, која на 20 септември се одржа во Градскиот парк во Скопје. На настанот учествуваа 25 компании и 200 тркачи, а со собрани 30.000 евра се поддржаа семејства во социјален ризик преку програмата за ПРЕВЕНЦИЈА на СОС Детско село, овозможувајќи континуитет и долгорочни позитивни промени во животите на ранливите деца и млади.

Октомври **Прекугранична е-трговија**

## Учество на Global Check-In 2025: Конференција за интернационална експанзија во Полска





Претседателката на АЕТМ, Нина Ангеловска, заедно со дел од нашите ценети партнери и членки, учествуваше на панел дискусијата „Next stop: the Balkans – Emerging Star of Cross-Border Sales“ на конференцијата Global Check-in 2025 во Варшава, Полска. На панелот се приклучија и претставници од Gjirafa, Balkan E-commerce Alliance и E-commerce BiH – соработници со кои АЕТМ активно гради регионални соработки Дискусијата се фокусираше на потенцијалот на Балканот како растечки пазар за прекугранична е-трговија и можностите за регионална интеграција и соработка помеѓу организациите и компаниите кои работат со е-трговија.

# Со над 900 учесници ја организиравме 8. регионална конференција за е-трговија „E-commerce: Fasten the Future”

Зголемување и унапредување на понудата | Зајакнување на дигитални вештини | Поврзување и нетворкинг | Прекугранична е-трговија | Намалување на сива економија

Во текот на 2025 година, е-трговијата продолжи да се развива во услови на забрзана дигитална трансформација, зголемена употреба на технологии базирани на податоци и вештачка интелигенција, како и сè поголема потреба од практични решенија што носат реална вредност за бизнисите. Во таков контекст, 8-мата регионална конференција за е-трговија, организирана од АЕТМ, која се одржа на 4 ноември 2025 година во Националната опера и балет во Скопје, уште еднаш ја потврди својата улога како водечки настан за дигиталната економија во регионот. Под мотото „E-commerce: Fasten the Future“, конференцијата собра над 900 учесници – од стартапи и финтек иноватори, до глобални брендови, логистички компании и клучни засегнати страни од екосистемот – со заедничка цел: активно обликување на иднината на е-трговијата преку конкретни знаења, поврзувања и примена во пракса.






Концептот „Fasten the Future“ произлезе од реалноста дека напредокот во е-трговијата ретко е линеарен и однапред испланиран. Напротив, тој се гради преку поврзување на луѓе, технологии и идеи, често преку неконвенционални пристапи, партнерства и одлуки. Водени од оваа логика, програмата на конференцијата беше насочена кон тоа да покаже дека успехот не доаѓа како готово решение, туку се составува чекор по чекор. За првпат беше воведен конференциски формат со кој беа понудени **две паралелни искуства: инспиративни keynote говори и панел-дискусии на главната сцена, како и практични, интерактивни сесии на hands-on сцената** каде учесниците се запознаа со конкретни алатки и применливи стратегии. Конференцијата беше препознаена од говорници од светски и регионални компании како што се:

DOLCE & GABBANA, TikTok, Booking.com, VISA, BIGBURG., PUBLICIS GROUPE, Wolt, directmedia

Покрај програмските содржини, конференцијата значително го унапреди и целокупното искуство на учесниците преку воведување нови простори и формати за вмрежување. 1-on-1 Meeting Zone, поддржана од Zyn, овозможи простор за фокусирани средби и директни разговори меѓу учесниците, додека VIP Business Lounge, поддржан од Halkbank и Korpa, понуди ексклузивен простор за неформално поврзување и дискусии. Дополнително, Cowork Zone powered by Zako CoWork создаде функционален работен простор во рамки на конференцијата, наменет за кратки состаноци, работа помеѓу сесиите и снимање содржини.

Посебен фокус беше ставен и на унапредување на networking алатките. Новата мобилна апликација овозможи дигитализирана регистрација и влеза, скенирање беџови за собирање контакти и закажување состаноци. Во текот на настанот беа регистрирани **866 скенирања на беџови и 58 закажани состаноци,** што укажува на зголемена интеракција и искористување на можностите за поврзување.

# Со над 900 учесници ја организиравме 8. регионална конференција за е-трговија „E-commerce: Fasten the Future”

Зголемување и унапредување на понудата | Зајакнување на дигитални вештини | Поврзување и нетворкинг | Прекугранична е-трговија | Намалување на сива економија

Темите на конференцијата во 2025 година се проширија надвор од класичната е-трговија, вклучувајќи силен фокус на маркетингот и примената на вештачката интелигенција, како три клучни области што моментално го движат растот и трансформацијата на бизнисите. Со внимателно осмислена програма, нови формати и јасен фокус на практична вредност, 8-мата регионална конференција за е-трговија не само што го одрази моменталниот развој на индустријата, туку постави и цврста основа за следната фаза на нејзин раст, поттикнувајќи ги учесниците активно да ја „застегнат“ иднината – паметно, храбро и заеднички.

**Учесниците ја оценија конференцијата со 4.62 / 5**
















Кон галерија | Кон видео

Ноември

# Го објавивме седмиот годишен извештај од анализата на е-трговија: „Western Balkan Ecommerce Insights 2025"

Прекугранична е-трговија | Намалување на сива економија | Зголемување и унапредување на понудата




Во ноември 2025 година беше издадено седмото годишно издание на анализата за е-трговија од Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, второто објавено на англиски јазик, кое ја проширува својата перспектива од Северна Македонија кон целиот Западен Балкан – вклучувајќи Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија. Извештајот дава сеопфатен преглед на сегашната состојба, трендовите и предизвиците во секторот за е-трговија, со анализа на големината на пазарот, навиките на онлајн купувачите, усвојувањето на дигиталните плаќања и подготвеноста на бизнисите, при споредба со просекот на ЕУ. Исто така, се истакнуваат структурните бариери како ниската дигитална доверба, ограничената употреба на онлајн плаќања и нерамномерната инфраструктура, како и можностите кои произлегуваат од поврзаноста на е-трговијата со пошироката дигитална трансформација, вклучувајќи интернет, владини услуги и подготовка за АИ.






Клучните наоди од анализата беа презентирани пред повеќе од 900 учесници од целиот регион за време на 8-та Регионална конференција за е-трговија и служат како основа за донесување информирани одлуки во секторот за е-трговија.

Кон извештај | Кон видео презентација | Кон презентација

Ноември Прекугранична е-трговија

## Организатори на студиска посета на делегација од Молдавија



По завршувањето на 8-та Регионална конференција за е-трговија, АЕТМ беше домаќин на делегација од Молдавија, која ја посети Северна Македонија со цел да го запознае локалниот екосистем за е-трговија, да разменува добри практики и да ја зајакне прекуграничната соработка. Посетата овозможи директен увид во работата на македонските компании, иницијативите на Асоцијацијата и иновативните решенија кои го поттикнуваат развојот на секторот за е-трговија.

Ноември Поврзување и нетворкинг

## АЕТМ, МОК и GEA градат дигитален мост меѓу спортот, е-трговијата и родовата еднаквост



АЕТМ и Алијансата за родова еднаквост потпишаа Меморандум за соработка со Македонскиот олимписки комитет (МОК), со цел поврзување на спортот, дигиталната економија и родовата еднаквост. Партнерството е насочено кон развој на заеднички активности и проекти за дигитална трансформација на спортските организации, промоција на иновации и зголемување на одрживоста.

Прочитај повеќе

Ноември

## Учество на конференцијата Content Positive организирана од А1 Македонија





Претседателката на АЕТМ, Нина Ангеловска Станков, учествуваше на конференцијата Content Positive 2025, организирана од А1 Македонија во рамки на платформата „Подобар онлајн“, посветена на градење побезбеден, поодговорен и поквалитетен дигитален свет преку дијалог помеѓу медиумите, технологијата, бизнисите и креаторите на содржини. Нина беше панелист на дискусијата „Безбедност и одговорност во дигиталниот свет – улогата на медиумите, технологијата и бизнисите“, каде што се отворија прашања поврзани со дигиталната писменост, заштитата на корисниците и заедничката одговорност во создавање позитивна онлајн средина.

# Во соработка со IUTE едуциравме 50+верификувани е-трговци за маркетинг, продажба и AI во рамки на вториот E-badge Day и бесплатно верификувавме 5 ММСП

во соработка со iute

Зајакнување на дигитални вештини | Намалување на сива економија | Поврзување и нетворкинг



Градењето силна заедница на доверливи и успешни е-трговци е еден од приоритетите на АЕТМ. Како дел од бенефитите за верификуваните е-трговци, на 18.12.2025 организиравме вториот E-badge Day во соработка со IUTE – едукативен и нетворкинг настан кој им овозможи на повеќе од 50 е-трговци практични знаења и алатки за подобрување на секојдневното работење.

Темите на настанот беа одбрани според потребите на верификуваните е-трговци, кои претходно ги споделија своите интереси преку прашалник. Првата опфатена тема беше Marketing That Converts, за зголемување на конверзиите и продажбата во е-трговијата, и AI x E-Commerce: Нови правила и алатки за 2026. Овој настан го зајакна знаењето на е-трговците, ја потврди вредноста на Беџот за верификуван е-трговец и ја поттикна соработката и поврзувањето меѓу членовите на оваа заедница.








Во рамки на соработката со IUTE, беше реализирана кампањата **„Верификувани сега, доверливи секогаш“**, насочена кон јакнење на довербата и безбедноста во е-трговијата. Како дел од кампањата, беше објавен и јавен повик за бесплатна верификација, овозможена од IUTE, наменета за 5 микро, мали или средни претпријатија, со цел да им се помогне полесно да изградат кредибилитет и доверба кај онлајн купувачите.



Декември

# Новогодишен бранч настан со AETM и GEA на тема „Closing the Year, Opening Conversations”

**Поврзување и нетворкинг**

На 24 декември, AETM и Алијансата за родова еднаквост - GEA, го организираа новогодишниот бранч настан “Closing the year, opening discussions”, со цел да ги поврзат компаниите, медиумите, донаторските организации и институциите и да ја заокружи успешната година. Настанот обезбеди можност за директен контакт и размена на искуства помеѓу членовите, партнерите и поддржувачите на AETM и GEA, нивните вработени, како и медиумски претставници и клучни соработници.












На настанот се обрати претседателката AETM и GEA, Нина Ангеловска Станков, која упати благодарност до сите членови, партнери и поддржувачи за нивната континуирана поддршка, како и за учеството во заедничките активности и кампањи. Настанот исто така овозможи прилика за гостите да отворат дискусија за 2026 преку интерактивен награден квиз, како и преку дружење, размена на идеи и поставување на основите за продлабочување на соработката во 2026 година.

# Започнаа номинациите за избирање на најдобрите во македонската е-трговија за 2025 година

**Зголемување и унапредување на понудата** **Поврзување и нетворкинг**




Започна петтото јубилејно издание на E-commerce Awards – изборот на најдобрите е-трговци во Македонија за 2025 година. Оваа иницијатива, која континуирани ја организираме од 2020 година, ја препознава и наградува извонредноста во македонската е-трговија, годинава одбележува значаен јубилеј и потврдувајќи ја својата улога како релевантен показател за квалитет, доверба и развој на овој сектор.

Процесот се одвива во пет фази, почнувајќи со номинации кои се бесплатни и траат до 15 јануари 2026 година. По завршувањето на номинациите, следува проверка на апликациите и објава на номинираните компании кои ги исполнуваат условите за учество.

Во рамки на изданието за 2025 година, најдобрите е-трговци ќе се избираат во 18 категории. Во изминатите изданија, во просек биле номинирани околу 200 е-трговци, кои добивале над 80.000 гласови од публиката, што говори за високиот интерес и довербата во оваа иницијатива.

По завршувањето на рокот за пријавување, АЕТМ ќе ги провери сите номинации и на 22 јануари 2026 година ќе ја објави официјалната листа на прифатени учесници. Потоа следува фазата на јавно гласање до 10 февруари 2026 година, во која публиката има клучна улога во изборот на финалистите.

На 10 февруари, најдобро рангираните номинации во секоја категорија продолжуваат во финалниот круг, каде што ќе се оценуваат од стручната жири-комисија.

Во периодот од 16 до 24 февруари 2026 година се врши финалната обработка на резултатите, при што гласовите од јавноста учествуваат со 60%, а оценките од жирито со 40% во конечниот резултат. Победниците на E-commerce Awards 2025 ќе бидат официјално прогласени на свечена гала манифестација која традиционално ќе се одржи во март 2026 година. На церемонијата, на најуспешните е-трговци ќе им бидат врачени престижни статуетки, кои претставуваат признание за нивната извонредност и дополнително ја зајакнуваат довербата кај онлајн купувачите.

# ЗАКЛУЧОК




2025 година беше година на заедничка работа, учење и напредок. Заедно со нашите членови, партнери и соработници, продолживме да ја градиме и унапредуваме е-трговијата, да ја зајакнуваме довербата и да создаваме поквалитетна дигитална бизнис-околина.

Преку нови иницијативи, соработки и отворен дијалог, создадовме простор за раст, развој и нови можности - не само за компаниите, туку и за целата заедница во Македонија и регионот.

Им благодариме на сите кои беа дел од оваа влијателна заедница. Со истата енергија и посветеност, продолжуваме да ја обликуваме иднината на е-трговијата, заедно.

**Тимот на АЕТМ**

---

**Контакт**

info@ecommerce.mk

ecommerce.mk

ул. Мирослав Крлежа 14/1-1




Алијанса за родова еднаквост - GEA

Јануари 2026

genderequalityalliance.org

# Годишен извештај

## од работата на GEA

GENDER EQUALITY ALLIANCE

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2025


7 Стратешки партнерства, формализирана соработка и медиумска застапеност

9 Нетворкинг настан „Рамо до рамо“

10 Организиравме работилница на тема: „Empowering Women-Led Startups for Growth“

11 Организиравме работилница на тема: “Women Leaders Investing in the Future”

12 Реализиравме кампања по повод 8. март на тема „Ако звучи чудно за мажи, зошто е нормално за жени?“

13 Доделени 3 награди на E-commerce Awards за Најдобра е-продавница основана од жена [Powered by GEA]

14 Креиравме нова видео кампања со Пивара Скопје: „Ние пред јас“

15 Ја организиравме четвртата годишна конференција „EqualXChange: Empowering Ideas, Inspiring Journeys”

16 Спроведовме кампања за кариерно мотивирање „Leaders’ Insights to Success”

17 Креиравме видео кампања со Сава Пензиско: „Колку вреди твојата иднина?“

18 Заедно со Сава Пензиско организиравме “Trivia Quiz & Cocktails Night” Vol. 2

19 Спроведовме reel кампања со партнерите на GEA „ Partner Spotlight“

20 Новогодишен бранч настан со AETM и GEA на тема „Closing the Year, Opening Conversations”

21 **Студии на случај од партнерите на GEA: Родова еднаквост во пракса**

# ЗА АЛИЈАНСАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ - GEA

Алијансата за родова еднаквост (GEA) е подружница на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, произлезена од потребата за структуриран пристап кон прашањата на родова еднаквост, застапеност и инклузија на работното место.

Иницирана со силна поддршка од приватниот сектор, GEA има за цел да го отклучи потенцијалот на дигитализацијата, технологијата и е-трговијата како двигатели на економското зајакнување на жените, со фокус на создавање фер и одржливи услови за работа.

Работата на Алијансата е поставена околу три клучни столба: **еднаква плата, еднакви можности и еднаква застапеност**, поттикнувајќи правични практики за наградување, инклузивен кариерен развој и балансирана застапеност во лидерските и одлучувачките структури.




Основана во 2022 година со поддршка од три основачки партнери, GEA во 2025 брои 17 активни поддржувачи и партнери, што ја одразува растечката препознаеност на нејзината релевантност и кредибилитет. Партнерските компании учествуваат преку годишни членарини и се вклучуваат во активности за подигање на свеста, споделување знаење и зголемување на видливоста, вклучително и промотивно раскажување за добри практики, интервјуа и ПР-активности, како и учество на тематски средби и дискусии. Алијансата функционира како платформа што ги обединува компаниите, граѓанските организации, експертите и институциите, создавајќи простор за дијалог, надминување на стереотипите и промоција на инклузивни работни практики.

Во своето работење, GEA реализира едукативни, информативни и нетворкинг активности, меѓу кои и годишната конференција EqualXChange организирана по повод Меѓународниот ден за еднаква плата, национални кампањи насочени кон предизвикување на стереотипите на работното место, како и работилници за градење капацитети во областа на финансиската писменост и економското зајакнување на жените, директно одговарајќи на постојаните стереотипи, фрагментираниот јавен дискурс и недостигот од практични насоки за организациите кои сакаат суштински да ја унапредат родовата еднаквост.

Алијансата исто така е и Commitment Maker на UN Women, усогласувајќи ги своите активности со меѓународните стандарди и принципи за родова еднаквост и економско зајакнување на жените.

**Визија:** Работни места каде што родовата еднаквост не е проект, туку стандард.

**Мисија:** Да им помогнеме на организациите да ја претворат родовата еднаквост во конкурентска предност, а не административна обврска.

# ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Работата на Алијансата за родова еднаквост (GEA) е стратешки насочувана од Советодавен одбор составен од седум искусни и интердисциплинарни експерти, кои обезбедуваат стратешка насока, надзор и осигурување на квалитетот на активностите на Алијансата, на чело со претседателката на GEA, Нина Ангеловска Станков.

Од септември 2024, AETM ја назначи својата проект менаџерка, Марија Ристовска, и за раководителка на GEA, при што таа посветува 50% од своето работно време на водење, развој и скалирање на Алијансата на работното место.



**Нина Ангеловска Станков**
Претседателка на GEA



**Марија Ристовска**
Раководителка на GEA

Работата на Алијансата за родова еднаквост (GEA) е стратешки насочувана од Советодавен одбор составен од седум искусни и интердисциплинарни експерти, кои обезбедуваат стратешка насока, надзор и осигурување на квалитетот на активностите на Алијансата, на чело со претседателката на GEA, Нина Ангеловска Станков.

Од септември 2024, AETM ја назначи својата проект менаџерка, Марија Ристовска, и за раководителка на GEA, при што таа посветува 50% од своето работно време на водење, развој и скалирање на Алијансата на работното место.

На оперативно ниво, активностите на GEA се поддржани од тимот на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (AETM), додека за специфични активности, во случаи кога е обезбедено наменско финансирање, се ангажираат надворешни експерти и соработници.

## Стручен совет на GEA



**Филомена Пљаковска Аспровска**
Главен Извршен Директор и Претседател на Управен Одбор на КаСис Ад



**М-р Марија Томеска**
Претседател на Управниот одбор на Еуролинк осигурување



**М-р Емил Крстановски**
Национален координатор во Меѓународната организација на трудот



**Проф. Никица Мојсоска Блажевски**
Главен Извршен Директор на Македонија 2025



**Ангелка Пеева Лауренчиќ**
Директор на ImagePR, проф. по Односи со јавност на Американ Колеџ – Скопје



**Проф. Д-р Борче Треновски**
Професор на Економски факултет - Скопје, УКИМ

# ПАРТНЕРИ И ПОДДРЖУВАЧИ НА GEA

2025 година ја заокружуваме со значајно проширена и зајакната партнерска мрежа, што претставува јасен показател за растечката релевантност и кредибилитет на Алијансата за родова еднаквост (GEA) во бизнис и институционалниот екосистем.




Во текот на годината, GEA доби еден нов партнер, CosLoveMetics, додека компанијата Сава Пензиско Друштво го надгради својот ангажман, преминувајќи од статус на поддржувач во партнер, што укажува на продлабочена соработка и поголема посветеност кон вредностите и целите на Алијансата.

Дополнително, кон мрежата се приклучија пет нови поддржувачи – Property One, Avenga Academy, EOS Matrix, Idea Lab и компанијата Везилка – компании и организации од различни сектори кои ја препознаа важноста на системскиот пристап кон родовата еднаквост на работното место.

Со овие промени, во 2025 година GEA брои **вкупно 17 активни партнери** и поддржувачи, структурирани во три главни партнери, пет партнери и девет поддржувачи. Во споредба со 2024 година, кога Алијансата имаше 11 партнери и поддржувачи, ова претставува раст од 55%, што јасно го потврдува засилениот интерес на приватниот сектор за активно учество во иницијативи насочени кон родова еднаквост, еднаква плата и инклузивни работни практики.

Проширувањето на мрежата не е само квантитативен, туку и квалитативен раст, бидејќи новите и постојните партнери активно придонесуваат кон јавната видливост на Алијансата, споделувањето добри практики и унапредувањето на дискусијата за еднаквост на работното место.

**ГЛАВНИ ПАРТНЕРИ** CaSys International · eurolink Member of GRAWE Group · HALKBANK

**ПАРТНЕРИ** PHILIP MORRIS TUTUNSKI KOMBINAT PRILEP LLC SKOPJE · ПИВАРА СКОПЈЕ · A1 · SAVA PENZISKO · COSLOVEMETICS

**ПОДДРЖУВАЧИ** SAVA · ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ · PUBLICIS GROUPE · ARISTOCRAT · PROPERTY ONE · avenga Academy · ВЕЗИЛКА · idealab · eOS

# СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА, ФОРМАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА И МЕДИУМСКА ЗАСТАПЕНОСТ

Во текот на 2025 година, Алијансата за родова еднаквост (GEA) направи значаен исчекор во јакнењето на стратешките партнерства и формализираната соработка, што претставува клучен сегмент од нејзиниот институционален развој и зголемување на јавниот импакт.



**6**
мемурандуми за соработка


Marketing365
marketing • media • PR

носат поквалитетни одлуки и постигнуваат одржлив успех. Различните перспективи носат нови идеи и креираат продуктивна работна средина, што води до подобра корпоративна култура и поголема конкурентност на пазарот.

Алијансата за родова еднаквост на работното место (GEA) активно работи на промовирање на практики и компании каде што жените и мажите имаат еднакви можности за напредок, еднаква застапеност и еднакво вреднување на трудот. Преку своите иницијативи, GEA поттикнува инклузивна култура што ја гледа различноста како двигател на успехот. Како дел од глобалната


ОПШТЕСТВО | СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Жените во Македонија и натаму далеку зад машките плати**

Даниела Трпчевска-Зафировска
18.09.2025

Иако со измените на Законот за работни односи се пропишани еднаква плата и еднаков третман во однос на вработувањето - во пракса е поинаку. Жените и натаму заработуваат помалку од мажите.


ВЕСТИ

**ЕУ постави рок: 40% застапеност на жени во управните одбори до јуни 2026**

12 Декември 2025

Viber Facebook +

Родова еднаквост на работното место не е само општествено прашање, туку јасен економски императив. Иако последните години има напредок, жените и

**86**
медиумски објави



**∞**
**подигање на свеста за родовата еднаквост на работното место**

Јануари - Декември

# Стратешки партнерства, формализирана соработка и медиумска застапеност

Во текот на 2025 година, Алијансата за родова еднаквост (GEA) направи значаен исчекор во јакнењето на стратешките партнерства и формализираната соработка, што претставува клучен сегмент од нејзиниот институционален развој и зголемување на јавниот импакт.

Во текот на годината беа потпишани шест нови меморандуми за соработка со релевантни организации - Националниот совет за родова рамноправност (НСРР), Women in Tech, Aspire Balkans, М6 Едукативен Центар, Sport Social Solutions и Македонскиот олимписки комитет (МОК), со што значително се прошири и диверзифицира мрежата на стратешки партнери на Алијансата.








Паралелно со ова, GEA ја прошири својата меѓународна поврзаност преку приклучување кон мрежата на **Фондацијата Ана Линд,** која обединува организации од целиот Медитеран и овозможува пристап до можности за помали проектни грантови, како и преку вклучување во **WE Finance Code,** глобална рамка насочена кон унапредување на пристапот на жените до финансирање. Овие стратешки вмрежувања создаваат основа за долгорочна соработка, заеднички активности и аплицирање на проекти, како и за засилено застапување на темите поврзани со родовата еднаквост на национално и меѓународно ниво.

Новите партнерства беа придружени и со засилени активности за комуникација и медиумска застапеност, што овозможи континуирана видливост на работата на GEA во текот на целата година. Во 2025 година од страна на Алијансата беа испратени девет соопштенија до медиумите, кои резултираа со **над 80 објави** во локалните медиуми, придонесувајќи кон постојано присуство на темите за еднаква плата, инклузивни работни практики и родова застапеност во јавниот дискурс.






Дополнително, GEA оствари две телевизиски појавувања, меѓу кои гостување на **ТВ21** по повод годишната конференција на Алијансата и учество во емисијата „Аргумент плус“ на **ТВ24** по повод Меѓународниот ден на еднаква плата. Понатаму, беше реализирано и едно интервју со раководителката на GEA, Марија Ристовска, за порталот **Marketing 365**, со што темите на Алијансата беа дополнително доближени до бизнис заедницата. Во насока на проширување на опфатот и досегот до различни целни групи, GEA учествуваше и на вебинар организиран од **Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување** на тема „Жените во дигиталниот свет – инспирација и совети за кариера во STE(A)M“, со што дополнително ја зајакна својата присутност кај младата популација и идните професионалци.

Сите овие активности придонесоа кон зголемена препознатливост на GEA, зајакната партнерска мрежа и посистемско позиционирање на родовата еднаквост како релевантна бизнис и општествена тема.

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2025

Во текот на 2025 година, Алијансата за родова еднаквост (GEA) дополнително ја зацврсти својата улога како релевантна и доверлива платформа за дијалог и соработка во областа на родовата еднаквост на работното место. Преку комбинација од стратешки настани, национални кампањи и активности за градење капацитети, GEA активно придонесе кон отворање и продлабочување на јавната и бизнис-дискусијата за еднаква застапеност, правична плата и инклузивни организациски култури.

Реализираните активности во текот на годината одговорија на постојните предизвици и стереотипи, овозможија практични алатки и знаење за поединци и организации и придонесоа кон зајакнување на мрежата на компании, експерти и институции што активно ја поддржуваат агендата за родова еднаквост. Во продолжение следува детален преглед на реализираните активности на GEA во 2025 година, по редослед на случување.




**6**
настани и работилници




**∞**
**подигање на свеста за родовата еднаквост на работното место**

Февруари

# Нетворкинг настан „Рамо до рамо“

Во февруари 2025 година, Алијансата за родова еднаквост (GEA) го реализираше нетворкинг-настанот „Рамо до рамо: Успехот кој стои зад мешаните тимови“, организиран во партнерство со главниот партнер на GEA, Халкбанк. Настанот беше осмислен како networking brunch со цел да се поттикне отворен дијалог за рамноправно лидерство, партнерство и доверба во претприемништвото, преку промоција на конкретни и инспиративни примери од бизнис праксата.




Во рамки на настанот беше прикажано видеото „Рамо до рамо“, подготвено од Халкбанк и GEA, кое ја раскажува успешната претприемачка приказна на Марија и Кире Крстевски од Bebehome и CosLoveMetics, како пример за ефективна комуникација, меѓусебна доверба и балансирана распределба на улоги во лидерството и управувањето со бизнисот. Оваа приказна послужи како почетна точка за дискусија за тоа како рамноправните партнерства можат да придонесат за одржлив раст и стабилност на компаниите.

На настанот присуствуваа над 80 претставници од приватниот и граѓанскиот сектор, вклучително и компании партнери на GEA, организации од невладиниот сектор и релевантни засегнати страни, што придонесе кон динамична размена на искуства и перспектива. Со свои обраќања, настанот го отворија Маја Наумовска, директорка за маркетинг во Халкбанк, која ја истакна заложбата на банката за поддршка на инклузивно претприемништво и родово сензитивни финансиски решенија, Нина Ангеловска, претседателка на GEA, која се осврна на значењето на рамноправните партнерства и родовата еднаквост како дел од современите бизнис-практики, како и Марија Ристовска, раководителка на GEA, која го нагласи значењето на ваквите настани како практични платформи за поврзување, учење и споделување добри примери од реалниот сектор.










Галерија

Март

# Организиравме работилница на тема: „Empowering Women-Led Startups for Growth“

По повод Меѓународниот ден на жената, Алијансата за родова еднаквост (GEA) ја реализираше работилницата „Empowering Women-Led Startups for Growth“, со поддршка од Swiss EP, која се одржа во Startup Club Skopje. Работилницата беше наменета за жени-претприемачи и основачки на стартапи, со фокус на зајакнување на нивните финансиски и стратешки капацитети за раст и подготовка за пристап до инвестиции.




На настанот учествуваа 15 жени-претприемачи од Северна Македонија, кои преку практична и интерактивна програма имаа можност да стекнат знаења за развој на одржлива финансиска стратегија, разбирање на инвестициските очекувања и подобра подготвеност за разговори со потенцијални инвеститори. Како дополнителен практичен елемент, две од компаниите беа селектирани да подготват кратка pitch презентација за својата компанија, пред локални бизнис ангели, што овозможи директна изложеност и поврзување со потенцијални инвеститори.








Инспиративното и експертско предавање го одржа Maaike Doyer, основачка на Epic Angels, најголемата мрежа на жени инвеститори во APAC и LATAM регионот, која со учесничките ги сподели своите искуства од инвестициската пракса, конкретни совети за подготовка на стартапи за раст, како и увид во тоа што инвеститорите реално го бараат при донесување одлуки за вложување. Работилницата придонесе кон зајакнување на самодовербата, знаењето и поврзаноста на учесничките, а воедно ја потврди заложбата на GEA да обезбедува практични, применливи и релевантни активности за економско зајакнување на жените.

Галерија

Март

# Организиравме работилница на тема: “Women Leaders Investing in the Future”

По повод Меѓународниот ден на жената, Алијансата за родова еднаквост (GEA), со поддршка од Swiss EP, ја организираше и работилницата „Women Leaders Investing in the Future“, наменета за жени-лидерки и професионалки заинтересирани за инвестирање во стартапи. На настанот учествуваа 15 жени-лидерки, кои преку експертски сесии, интерактивни дискусии и pitch-презентации од локални женски стартапи стекнаа практични знаења за ангел-инвестирање, рани фази на инвестиции и ефективни стратегии за поддршка на претприемништво предводено од жени.




Работилницата беше водена од експертките Maaike Doyer, основачка на Epic Angels и водечка фигура во мрежата на жени инвеститори во APAC и LATAM, и Maria Carolina Romero, искусна инвеститорка и советничка за стартапи, кои ги споделија своите искуства и практични совети за тоа како жените лидерки можат да влезат и активно да придонесат во светот на инвестициите. Сесиите овозможија учесничките да се запознаат со клучните критериуми за селекција на стартапи, процесот на инвестициска проценка и конкретни примери на успешни вложувања во стартапи предводени од жени.







Динамичниот формат на настанот, кој комбинираше презентации, практични примери и дискусии со стартапите, резултираше со директна примена на наученото, при што една од учесничките реализираше ангел-инвестиција во локален женски стартап кратко по завршувањето на работилницата. Настанот не само што ја зголеми финансиската писменост и разбирањето на инвестициските можности кај жените-лидерки, туку и ја потврди улогата на GEA како платформа што создава конкретни, практични и видливи можности за економско зајакнување на жените во Северна Македонија.

Галерија

Март

# Реализиравме кампања по повод 8. март на тема „Ако звучи чудно за мажи, зошто е нормално за жени?“

По повод Меѓународниот ден на жената, Алијансата за родова еднаквост (GEA) ја реализираше кампањата „Ако звучи чудно за мажи, зошто е нормално за жени?“, со цел да ги истакне родовите стереотипи што жените ги доживуваат во процесот на вработување. Кампањата имаше иновативен пристап – истите прашања што жените ги слушаат секојдневно беа поставени на мажи, со цел да се прикаже колку овие предрасуди се неоправдани и како тие можат да влијаат на пристапот кон работните позиции и можностите за кариера. Целта беше да се поттикне култура на работно место заснована на компетентност, знаење и резултати, а не на пол.




За поголема видливост и ангажман, во кампањата беа вклучени препознатливи машки јавни личности, кои на директен и достапен начин ја пренесоа пораката до пошироката публика. Кампањата беше реализирана преку кратки reel видеа на социјалните мрежи, кои со еден визуелен и интерактивен формат ја прикажуваа реалноста на стереотипите и поттикнуваа јавна дискусија за родовата еднаквост во професионалната средина.

Резултатите покажаа висок степен на ангажман: кампањата достигна над 70.000 прегледи и 2.000 допаѓања на Instagram и TikTok, што ја потврди ефективноста на пристапот и потребата за вакви креативни и директни активности. Кампањата не само што ја зголеми јавната свест за родовите предрасуди, туку и ја позиционираше GEA како иновативна и активна платформа која работи на системски промени и ја промовира еднаквоста на работното место.




[Кон видео]

Март

# Доделени 3 награди на E-commerce Awards за Најдобра е-продавница основана од жена [Powered by GEA]




Во рамки на традиционалната церемонија за доделување на наградите за е-трговија „Ecommerce Awards“, организирана од Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (АЕТМ) во март 2025 година, Алијансата за родова еднаквост (GEA) ја додели наградата за „Најдобра е-продавница основана од жена“ [Powered by GEA]. Оваа категорија е воспоставена како дел од целокупниот настан со цел да ги препознае и поддржи успешните жени-претприемачи во македонската е-трговија и да ја истакне важноста на родовата еднаквост во дигиталниот бизнис сектор.

На гала-настанот, наградите за првите три места беа доделени на: coslovemetics.mk, smartliving.mk и vitalia.mk, а наградите ги додели раководителката на GEA, Марија Ристовска. Со оваа иницијатива, GEA ја потврди својата заложба за зајакнување на жените во е-трговијата, промовирајќи примери на успешни жени-претприемачи како инспирација за пошироката бизнис заедница и поттик за развој на инклузивни и родово сензитивни практики во дигиталниот сектор.









Мај

# Креиравме нова видео кампања со Пивара Скопје „Ние пред јас“

Во мај 2025 година, Алијансата за родова еднаквост (GEA), во соработка со партнерот Пивара Скопје, ја реализираше видео-кампањата „Ние пред јас“, со цел да ја потенцира важноста и силата на мешаните тимови и родовата инклузија на работното место. Кампањата ја раскажува приказната за жените и мажите во Пивара Скопје кои секојдневно покажуваат дека кога „ние“ е пред „јас“, резултатите не само што се поголеми, туку се и значајни за целата организација.










Во видеото се прикажуваат различни аспекти на работењето - од логистика и производствени линии, до продажба и управување со процесите, каде што се нагласува довербата, координацијата и заедничката одговорност за секоја одлука и секој успех. Видео-кампањата демонстрира како тимската работа и рамноправната застапеност на жени и мажи придонесуваат кон подобри резултати и одржлив развој на организацијата, создавајќи инспиративен пример за други компании и тимови во земјата.

Во видеото се прикажуваат различни аспекти на работењето - од логистика и производствени линии, до продажба и управување со процесите, каде што се нагласува довербата, координацијата и заедничката одговорност за секоја одлука и секој успех. Видео-кампањата демонстрира како тимската работа и рамноправната застапеност на жени и мажи придонесуваат кон подобри резултати и одржлив развој на организацијата, создавајќи инспиративен пример за други компании и тимови во земјата.

Кон видео

Јуни

# Ја организиравме четвртата годишна конференција „EqualXChange: Empowering Ideas, Inspiring Journeys”

Во јуни 2025 година, Алијансата за родова еднаквост (GEA) ја организираше четвртата годишна конференција, по повод Меѓународниот ден на еднакви плати, под мотото „EqualXChange: Empowering Ideas, Inspiring Journeys“.

На конференцијата учествуваа над 120 учесници, меѓу кои бизнис лидери, експерти, претставници приватниот сектор, претставници на јавни институции, медиуми и граѓанскиот сектор, а програмата ја реализираа 27 говорници на една сцена, при што секоја сесија ја истакнуваше важноста на практичните искуства, предизвиците и успешните примери во инклузивното лидерство.



Конференцијата започна со поздравни обраќања од Нина Ангеловска Станков, претседателка на GEA, Марија Ристовска, раководителка на GEA и Емил Крстановски, национален координатор на Меѓународната организација на трудот (ILO), кои го истакнаа значењето на инклузивноста, родовата еднаквост и практичната примена на стекнатите знаења во компаниите и организациите.

Конференцијата е дизајнирана како место за промоција на инклузивно лидерство и унапредување на родово еднакви политики и практики на работното место, за поттикнување на растот на домашните компании, како и за отворање на дијалог за вештините на иднината во дигиталната економија во Северна Македонија. Преку комбинација од инспиративни приказни, конкретни примери и анализа на трендовите за вештини и дигитални компетенции, конференцијата овозможи директен увид во предизвиците и можностите за развој на родово еднакви работни практики во 2025 година.







Видео од настанот Галерија

# Спроведовме кампања за кариерно мотивирање „Leaders' Insights to Success"

Почнувајќи од втората половина на 2025 година па се до крајот на годината, Алијансата за родова еднаквост (GEA) ја реализираше инспиративната кампања „Leaders' Insights to Success", нова иницијатива посветена на жените лидери кои со својот пример, вредности и влијание прават значајна разлика во општеството. Кампањата беше дизајнирана да го истакне влијанието на жените лидери, да инспирира и мотивира, како и да ги поттикне компаниите и организациите да промовираат родово сензитивно лидерство.










Серијалот се состоеше од интервјуа со различни жени лидери од приватниот сектор, кои ја споделија својата лична и професионална приказна, предизвиците со кои се соочиле, постигнатите успеси и влијанието што го имаат како во работната средина, така и во приватниот живот. Преку овие приказни, публиката доби можност да се инспирира од конкретни примери на лидерство, стратегии за успех и управување со предизвиците, додека истовремено се промовираа вредностите на родовата еднаквост и инклузивните практики.










„Leaders' Insights to Success" ја зацврсти улогата на GEA како платформа која овозможува видливост на жените лидери, ја поддржува нивната мисија и влијание, и придонесува кон создавање на општество и работна средина каде родовата еднаквост и лидерството се ценат и активно се развиваат.

Кон Instagram

Септември

# Креиравме видео кампања со Сава Пензиско: „Колку вреди твојата иднина?“

Во септември 2025 година, Алијансата за родова еднаквост (GEA), во соработка со партнерот Сава Пензиско Друштво, ја реализираше видео-кампањата „Колку вреди твојата иднина?“. Кампањата беше создадена со цел да ги отвори важните разговори за еднаквост и фер можности не само на работното место, туку и во пензискиот систем, поттикнувајќи поголема свест за значењето на долгорочното планирање и финансиската писменост.









Преку видео-кампањата беа истакнати клучните аспекти на родовата еднаквост во заработката, пристапот до финансиски ресурси и значењето на планирање за пензијата, прикажувајќи како секоја лична одлука и акција денес може да влијае врз иднината.

Кампањата обезбеди директна, визуелно привлечна и достапна комуникација со пошироката публика и ја потврди улогата на GEA како активна платформа која преку иновативни и применливи иницијативи го промовира родово-сензитивното финансиско планирање.

[Кон видео]

# Заедно со Сава Пензиско организиравме “Trivia Quiz & Cocktails Night” Vol. 2

Во 2025 година, Алијансата за родова еднаквост (GEA) го организираше вториот годишен „Trivia Quiz & Cocktails Night“ Vol.2 едукативен и нетворкинг настан, со поддршка на победничкиот тим од претходната година - Сава Пензиско Друштво. Настанот е дел од новата годишна традиција што ги обединува членовите и партнерите на GEA, како и пошироката јавност, создавајќи пријатен простор за едукација, интеракција и забавување.




На настанот се пријавија 13 тимови, а присуствуваа повеќе од 60 гости, што ја потврди високата ангажираност и интересот за вакви активности кои комбинираат учење и забава. Настанот беше структуриран така што учесниците преку интерактивни прашања и предизвици се запознаа со теми како родова еднаквост, пензиско планирање и општо знаење, поттикнувајќи критичко размислување и дискусија во лежерна и пријатна атмосфера.















Настанот обезбеди можност за директна интеракција помеѓу различни компании, организации и индивидуални учесници, поттикнувајќи поврзување и споделување добри практики.

# Спроведовме reel кампања со партнерите на GEA „ Partner Spotlight“

Во декември 2025 година, Алијансата ја реализираше reel кампањата „Заедно градиме родово-еднакви работни места“, заедно со своите партнери. Кампањата беше дизајнирана да ја истакне работата на компаниите кои активно спроведуваат родово-сензитивни практики и инклузивни политики, со цел да се прикаже преку практични примери како изгледа родово-еднакво работно место во секојдневниот деловен живот.










Секое видео од серијалот, со должина од 20–25 секунди, прикажуваше кратки кадри од работната атмосфера, вклучувајќи тимска соработка, состаноци и работни процеси, додека клучните податоци за секој партнер како релевантни информации како број на вработени, процент на жени на менаџерски позиции и конкретни политики за родова еднаквост, вклучувајќи флексибилно работно време и работа од дома, беа претставени преку анимации.










Кампањата беше подготвена со унифициран концепт за сите партнери, што овозможи лесна визуелна и информативна комуникација на добрите практики. Видеата се постирани и се достапни за преглед, при што истакнаа како партнерите на GEA придонесуваат кон создавање инклузивни и родово сензитивни работни места.

Кон Instagram

# Новогодишен бранч настан со АЕТМ и GEA на тема „Closing the Year, Opening Conversations”

На 24 декември, Алијансата за родова еднаквост заедно со Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, го организираа новогодишниот бранч настан “Closing the year, opening discussions”, со цел да ги поврзат компаниите, медиумите, донаторските организации и институциите и да ја заокружи успешната година. Настанот обезбеди можност за директен контакт и размена на искуства помеѓу партнерите и поддржувачите на GEA и АЕТМ, нивните вработени, како и медиумски претставници и клучни соработници.












На настанот говореше претседателката GEA и АЕТМ, Нина Ангеловска Станков, која упати благодарност до сите партнери и поддржувачи за нивната континуирана поддршка, како и за учеството во заедничките активности и кампањи. Настанот исто така овозможи прилика за гостите да отворат дискусија за 2026 преку интерактивен награден квиз, како и преку дружење, размена на идеи и поставување на основите за продлабочување на соработката во 2026 година. Лежерната атмосфера на бранчот, комбинирана со празнична енергија, ја нагласи заедничката заложба на сите присутни за инклузивни и родово-еднакви работни практики во организациите и заедницата.

## СТУДИИ НА СЛУЧАЈ ОД ПАРТНЕРИТЕ НА GEA

# РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ПРАКСА

Преку студиите на случај од осумте партнери на Алијансата во 2025 година ќе се споделат конкретни и позитивни примери на компании кои активно градат и поттикнуваат инклузивна работна средина во нашата земја. Во продолжение може да се погледнат деталните студии на случај за секој од партнерите.



# A1 Македонија – дигитални иновации со фокус на луѓето

А1 Македонија е водечка телекомуникациска компанија и дел од А1 Групацијата, која обезбедува услуги за над 1.000.000 корисници во земјата. Компанијата нуди целосно портфолио на дигитални и телекомуникациски решенија – мобилна и фиксна телефонија, интернет, кабелска и дигитална телевизија, конвергентни пакети, како и ИКТ-услуги за деловни корисници.









Во А1 Македонија работат 940 професионалци со просечна возраст од 33 години – млади, амбициозни и високообразовани кадри. Родовиот баланс е јасно видлив: 474 се жени, а 466 мажи. Оваа рамнотежа се рефлектира и во лидерството – од вкупно 126 менаџерски позиции, 61 ги извршуваат жени, што претставува 48% од раководните улоги.

Компанијата континуирано инвестира во развојот на своите вработени преку формални и неформални обуки, меѓународна размена на знаења и искуства, како и програми за професионален и личен развој. Целта е градење силни, компетентни и мотивирани тимови кои се подготвени за динамичните промени во дигиталната економија. А1 Македонија активно спроведува политики насочени кон благосостојбата и поддршката на вработените. Тие вклучуваат флексибилно работно време и можност за работа од дома, еднакви можности за напредување за жени и мажи, јасни процедури за пријавување и заштита од вознемирување, како и семејни бенефити и програми за поддршка на менталното здравје.

Дополнително, компанијата нуди програми за развој и поддршка на менаџери и лидери, широки можности за обуки и усовршување, како и Employee Assistance Program (EAP), кој обезбедува професионални психолошки, правни и финансиски консултации. Преку корпоративно волонтирање и поддршка на општествени иницијативи, А1 активно придонесува и кон поширокaта заедница.

Со јасна заложба за еднакви можности и разновидност, посебно преку охрабрување на жените да напредуваат во лидерски улоги, како и преку поддршка на балансот меѓу работата и приватниот живот, А1 Македонија гради инклузивна и одржлива организациска култура. Спортските и здравствените иницијативи дополнително придонесуваат за одржување на физичката и менталната енергија на вработените.

А1 Македонија е јасен пример дека дигиталните иновации и грижата за луѓето не се спротивставени, туку се клучни столбови на долгорочниот деловен успех.

# КаСис – Родова еднаквост и инклузивност во пракса

Нашиот партнер КаСис е сертифициран независен процесор од страна на меѓународните мрежи Mastercard/Visa/Amex и DCI кој нуди услуги за деловни банки, финансиски институции и други организации во областа на платежните картички и електронската трговија. Компанијата обезбедува персонализација на картички, обработка на трансакции од АТМ и ПОС терминали, услуги за е-трговија, центар за поддршка за клиенти 24/7, како и развој и имплементација на стратешки проекти поврзани со платежните картички и воведување на најсовремени и безбедни канали на плаќање.















Системите на КаСис се со висок степен на безбедност и оперативна доверливост. Истото е докажано преку имплементираните стандарди за безбедност и за квалитет согласно стандардите ISO 20000-1:2018 и ISO 27001:2022 како и годишните сертификации по стандардите PCI DSS и PIN PCI

КаСис е пример како родовата еднаквост може да биде интегрален дел од корпоративната култура. Во компанијата работат вкупно 55 вработени, од кои 25 се жени, а 30 мажи. Слична рамнотежа е присутна и во лидерството. Од 12 менаџерски позиции, половина се водени од жени. Управниот одбор на компанијата брои три члена, од кои две се жени, а еден маж. Претседател на Управниот одбор на КаСис е жена.

Компанијата има нулта толеранција за дискриминација, а родовата еднаквост е дел од формално утврдените политики и Етичкиот кодекс. Особено внимание се посветува на балансот помеѓу професионалниот и приватниот живот, охрабрување на жените во технички и лидерски улоги, како и активно вклучување на жените во процесите на донесување одлуки. Со флексибилно и хибридно работење и поддршка при враќање од породилно отсуство, КаСис гради фер и родово сензитивна работна средина.
GEA ја цени партнерската соработка со КаСис и заедничката заложба за развој на поправедна и одржлива деловна култура, која го вреднува влијанието на жените и инклузивноста во сите делови на организацијата.

# CosLoveMetics - родова рамнотежа и грижа за вработените

Coslovemetics.mk е компанија формирана во 2020 година како подружница на Bebe Home, која е основана во 2014 година од страна на млади родители со визија за квалитетна и достапна опрема за бебиња и квалитетна корејска козметика на домашниот пазар.

Компанијата нуди внимателно избрани производи од светски реномирани брендови, како и сопствени производи под брендот cosLOVEmetics, со цел да обезбеди висококвалитетни и иновативни решенија за секојдневна употреба.







Во Coslovemetics.mk работат вкупно 30 лица, од кои 27 се жени и 3 мажи. Жените се застапени и на лидерските позиции, а организациската култура е насочена кон поддршка, едукација и професионален развој на сите вработени.

Coslovemetics.mk активно ги практикува следните политики и бенефиции за вработените:

- приватно здравствено осигурување за секој вработен;
- флексибилно работно време;
- можности за меѓународни усовршувања и обуки;
- учество на меѓународни саеми и професионални настани.

Компанијата е пример како мала фирма, предводена од жени, може да создаде родово сензитивна, поддржувачка и мотивирачка работна средина, која го вреднува професионалниот развој и иновациите, додека одржува блиска врска со своите клиенти и заедницата. Coslovemetics.mk покажува дека родовата рамнотежа и грижа за вработените се клучни за долгорочен успех и раст.

# Еуролинк Осигурување - Родова еднаквост како интегрална вредност во организациската култура

Нашиот партнер Еуролинк Осигурување АД Скопје е компанија за неживотно осигурување, основана во 2002 година како странска директна инвестиција. Од март 2020 година Еуролинк осигурување е во целосна сопственост на Grazer Wechselseitige Versicherung AG (ГРАВЕ групација) со седиште во Грац, Австрија – една од најзначајните осигурителни групации во регионот со речиси 200 години традиција. Компанијата ја гради својата работа околу јасна мисија - да ја зголемува сигурноста и со тоа да го подобрува квалитетот на животот на граѓаните и компаниите преку квалитетни осигурителни покритија и одлична услуга, и визија да биде избор број еден за сите осигурителни потреби. Во таа насока, стратегијата на Еуролинк осигурување е насочена кон континуиран раст, иновации и одговорно делување, со фокус на клиентите, одржливиот развој и позитивното влијание врз заедницата.









Еуролинк осигурување покажува дека родовата еднаквост не е само декларативна вредност, туку вграден дел од корпоративната култура. Компанијата брои вкупно 206 вработени, од кои 128 се жени, а 78 мажи. Лидерството е добро балансирано: менаџментот брои 13 директори, од кои девет се жени, додека другите раководни позиции, како менаџери на подружници и помошници директори, се пополнети речиси рамномерно меѓу жени и мажи. Управниот одбор се состои од пет членови, од кои три се жени, двајца се мажи. Со управниот одбор на Еуролинк осигурување претседава жена.

Во Еуролинк осигурување пристапуваат кон родовата еднаквост како суштинска вредност, која се практикува преку еднакви критериуми за наградување и напредување. Развојот на вработените се базира на компетенции, резултати и професионален потенцијал, без разлика на пол, род или семеен статус. Овој пристап, кој ја вреднува експертизата и лидерството без дискриминација, ја прави компанијата пример за фер и инклузивна работна средина.

GEA ја цени соработката со Еуролинк осигурување и нивната посветеност на практикување родова еднаквост и создавање инклузивна организациска култура, која ги почитува и развива потенцијалите на сите вработени.

# Инклузивно лидерство и грижа за вработените – моделот на Сава Пензиско

Сава пензиско друштво а.д. Скопје е основано во 2005 година, со единствена дејност управување со Отворен задолжителен пензиски фонд „Сава пензиски фонд“и Отворен доброволен пензиски фонд „Сава пензија плус“, како и нивно претставување пред трети лица и други активности поврзани со управувањето со фондовите. Компанијата работи со висока посветеност кон финансиска сигурност и одржлива иднина за своите членови, вработени, партнери и сопственици, со акцент на етика, транспарентност и одговорно работење.










Во Сава пензиско на 31.12.2025 работат вкупно 46 лица, од кои 21 жена и 25 мажи, а лидерството е рамномерно застапено: Управниот одбор брои три члена, од кои две се жени и еден е маж. Управниот Одбор на Сава пензиско е предводен од жена. Овој состав ја рефлектира културата на еднаквост и инклузија која е интегрирана во секојдневното работење на компанијата за што светочат и бројните европски и светски награди и признанија.

Родовата еднаквост е суштинска вредност во корпоративната култура на Сава пензиско. Напредувањето и развојот на вработените се базираат на компетенции, резултати и професионален потенцијал, без оглед на пол, род или семеен статус. Компанијата активно спроведува политики кои ја поддржуваат балансираната и родово сензитивна работна средина, вклучувајќи:

- Еднаква плата за еднаква работа
- Транспарентни и еднакви критериуми за унапредување и награди
- Политика за нулта толеранција кон дискриминација и вознемирување
- Нулта толеранција за сексистички хумор и микроагресии
- Родово неутрално родителско отсуство
- Доброволно здравствено осигурување за сите вработени со дополнителен пакет -бременост и породување
- тренинг и обуки за развој и поддршка на лидерски вештини

Сава Пензиско Друштво покажува дека родовата еднаквост и грижата за вработените не се само декларативни политики, туку интегрален дел од секојдневното работење и од долгорочната организациска стратегија. Благодарение на ова партнерство, GEA и Сава пензиско продолжуваат заеднички да промовираат родово сензитивни практики и фер деловна култура во Македонија.

# Халкбанк - Родова еднаквост и поддршка за вработените како дел од корпоративната култура

Нашиот главен партнер Halkbank е еден од најголемите и најбрзорастечки брендови на македонскиот финансиски пазар. Основана во Турција во 1938 година, Halkbank ја започнува својата активност во С. Македонија во 2011 година. Компанијата обезбедува банкарски услуги за илјадници граѓани, мали, средни и корпоративни претпријатија, како и јавни институции, преку широка мрежа од 48 филијали, бројни банкомати и ПОС-терминали.













Банката е лидер во персонализирани банкарски услуги и иновации преку современа дигитална платформа, а нејзиниот слоган „Важни се луѓето“ го истакнува фокусот на квалитет и грижа за вработените и клиентите.

Halkbank е компанија која практикува родова еднаквост како суштинска вредност во организациската култура. Вкупниот број на вработени кон крајот на 2025 година изнесува 863, од кои 545 се жени, а 318 мажи. Лидерските и менаџерските позиции се распределени рамномерно: од 40 позиции како директори на дирекции, 20 се застапувани од жени; од 58 позиции како раководители на одделенија, 34 се водени од жени, а во филијалите од 42 раководни позиции, 14 се жени.

Компанијата спроведува бројни семејни и родово сензитивни политики кои ја поддржуваат инклузивноста и балансот помеѓу работа и приватен живот. Тука спаѓаат флексибилно работно време, пауза за доилки, внатрешни програми за баланс помеѓу работа и приватен живот (теретана и менза во склоп на Дирекцијата), финансиска или логистичка поддршка за родители (депозит за новороденче), процедури за пријавување и заштита во случаи на вознемирување, како и еднакви можности за напредување за мажи и жени.

Дополнително, Halkbank учествува со одреден процент во Третиот пензиски столб, што ја потврдува нивната посветеност кон долгорочна финансиска поддршка на вработените.
GEA ја цени партнерската соработка со Halkbank и нивната континуирана посветеност на практикување родова еднаквост, создавање инклузивна и поддржувачка работна средина и градење на корпоративна култура која ги вреднува луѓето.

# Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп – Родова еднаквост и фер практики во мала, но инклузивна компанија

Нашиот партнер Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО Скопје е компанија формирана во 2014 година согласно Договорот за стратешко партнерство меѓу Филип Морис Интернешенел и Тутунски Комбинат Прилеп. Компанијата е задолжена за производство, дистрибуција, промоција и продажба на брендовите од заедничкото портфолио на домашниот пазар.








Во ФМТКП работат вкупно 48 вработени, рамномерно распределени – 24 жени и 24 мажи. И на менаџерски позиции се одржува слична рамнотежа: од 16 позиции, девет се водени од жени, а седум од мажи, што претставува однос од 56% жени и 44% мажи.

Иако компанијата има помал број на вработени, Филип Морис Интернешенел на глобално ниво поседува сертификат за еднаква плата и можности. Ова значи дека сите вработени добиваат еднаква плата за иста работа и имаат еднакви можности за развој, без разлика на полот.

Филип Морис ТКП исто така нуди родителски и семејни придобивки кои ја поддржуваат инклузивната култура и балансот помеѓу работа и приватен живот. Овие вклучуваат “baby benefit” – финансиска поддршка за родители кои добиваат бебе, платено отсуство за татковци во траење од 8 недели (parental leave), како и еден ден платено отсуство за првиот ден на училиште на детето (paid leave).

GEA ја цени посветеноста на Филип Морис ТКП кон родовата еднаквост и фер практиките во компанијата, кои обезбедуваат инклузивна и поддржувачка работна средина, и демонстрираат дека дури и помалите компании можат да бидат пример за родова рамнотежа и еднакви можности.

# Пивара Скопје – Родова еднаквост и развој на вработените како дел од корпоративната култура

Пивара Скопје повеќе од 100 години ја гради својата приказна за раст, иновациии и силна посветеност кон луѓето кои ја движат напред. Поддржана од две интернационални групации Coca-Cola HBC и HEINEKEN, компанијата отсекогаш знаела дека најголемата инвестиција е вложувањето во нејзините вработени.

Во секој успех, во секоја нова технологија и секој проширен асортиман на производи стои тимот на Пивара Скопје: луѓе кои учат, напредуваат и победуваат заедно. Компанијата создава работна средина во која вработените се охрабруваат да растат, идеите се слушаат, а секој успех е заеднички.









Како 24/7 партнер за пијалаци, Пивара Скопје силно верува дека само мотивирани и инспирирани вработени можат да создадат врвно искуство за купувачите и консументите. Затоа вложувањето во луѓето не е само дел од стратегијата - тоа е дел од нејзиниот идентитет.

Пивара Скопје како лидер на пазарот, продолжува да биде значаен играч кој не само што произведува пијалаци, туку и јасно инвестира во развој на вработените, иновации и општествена одговорност. Компанија со над 500 вработени, со рамномерна застапеност на жени и мажи. Половина од топ менаџментот се жени - силен доказ за култура на инклузивно, родово сензитивно лидерство.

Пивара Скопје активно инвестира во програми за развој на вработените, како и програми за добросостојба на вработените, вклучувајќи EAP програма преку TELUS Health, која обезбедува психолошка и професионална поддршка. Флексибилното работно време, еднаквата плата за иста работа и специјализираната Women in Leadership програма за жени на лидерски позиции се примери за конкретни мерки за родова еднаквост и поддршка на професионалниот развој на жените во компанијата.

GEA ја цени посветеноста на Пивара Скопје кон родовата еднаквост и развојот на човечкиот капитал, кои ја прават компанијата пример за успешна интеграција на инклузивни практики во секојдневната организациска култура.

И додека продолжува да се развива и да внесува нови иновации, Пивара Скопје останува верна на својата најважна заложба:

**Да инвестира во развојот на своите луѓе - за да расте заедно со нив.**

# ЗАКЛУЧОК




Ви благодариме за поддршката и партнерството во работата на Алијансата за родова еднаквост – GEA во 2025 година. Заедно покажавме дека родовата еднаквост во работната средина е остварлива цел кога постои јасна заложба, соработка и одговорност.

Во 2026 година продолжуваме уште посилно, со заедничка визија за фер, инклузивни и одржливи работни места.

**Тимот на Алијанса за родова еднаквост - GEA**